[Прес соопштение] Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Инсти-тутот за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) денес претстави **интегрирана платформа за набљудување на изборите - www.mojotizbor.mk**



Мојот избор 2011, преку сеопфатно содржинско набљудување на изборната понуда и следење на демократичноста на изборниот процес треба да придонесе кон фер и демократски избори на 5 јуни, со квалитетен избор на пратеници во Собранието.

Партнерите во Мојот избор 2011, секој со својата стручност, ќе придонесат во зајакнување на постоечките домашни механизми и воведување нови елементи и активности во процесот за овозможување на целта - граѓаните информирани, вклучени и активни во сите аспекти на изборите.

Тоа ќе вклучува: следење и анализа на изборната понуда на партиите (програми, кандидати, кампања); квалитативно набљудување на известувањето во медиумите; следење на изборниот процес (изборните органи и денот на изборите);интернет набљудување.



**Мојот избор 2011 е информиран избор – сите партии и програми на едно место.** На граѓаните ќе им бидат понудени **споредбени прегледи на изборните програми** и **содржински анализи** на делови од програмите. Ќе се следат теми од пошироко општествено значење како: **невработеност, сиромаштија, корупција, добро владеење, граѓански и социјален дијалог, мултикултурно општество, евро-интеграции** и сл.

**Мојот избор 2011 е информиран избор – сите кандидати на едно место**, во прегледи по партии и по изборни единици, како и со биографии.

Квалитативно набљудување на известувањето во медиумите, ќе вклучи три кратки и еден завршен извештај за известувањето на клучните национални медиуми.

Новина е веб-страницата Мојот избор 2011 која ќе ги понуди сите информации за изборите на едно место: изборните програми на партиите, листите на кандидати, изборните единици, општини и избирачки места, следењето на објавите во медиумите и рејтинзите на политичките партии.



Мојот избор 2011 е фер избор – фер и демократски избори се одговорност на секој граѓанин. Веб страницата има интерактивен пристап и овозможува **пријавување на изборни неправилности**
, со што ќе се овозможи секој граѓанин да придонесе кон подобрување на изборниот процес со брза информација -
[www.mojotizbor.mk/prijavi](http://www.mojotizbor.mk/prijavi)




И конечно, во соработка со веб-порталот ДејлиМК, ќе се следат сите интернет објави поврзани со изборите и ќе се креираат дневни статистики по сите основи на следење -
[www.daily.mk/izbori](http://www.daily.mk/izbori)


Дома
Партии
Кандидати
Изборни единици
Медиуми
Статистика
Вие сте овде : Дома
Последни вести (страна 1)
ДПМНЕ: Шекеринска и Црвенковски живеат на друга планета
ТУКУШТО ОБЈАВЕНО - МАКЕДОНИЈА - ЖУРНАЛ - » ИЗВОРНА ВЕСТ... - КОМЕНТАРИ
Журнал
Скопје, 20 мај - ВМРО-ДПМНЕ повторно излезе со обвинувања дека кандидатот за премиер од СДСМ, Радмила Шекеринска и лидерот на партијата Бранко Црвенковски зборуваат за сиромаштија, а како што велат од ДПМНЕ двајцата немале почувствувано како е да се живее во немаштија. „Ниту Радмила Шекеринска, ниту Бранко Црвенковски немаат чувство за тоа што... » Изворна вест...
Јанкулоска најави низа мерки за спречување на злоупотребата на визната либерализација
ПРЕД 20 МИН. - МАКЕДОНИЈА - КУРИР - » ИЗВОРНА ВЕСТ... - КОМЕНТАРИ
Курир
Министерката за внатрешни работи Гордана Јанкулоска денес изјави дека од страна на МВР во идниот период ќе бидат преземени т.н. репресивни, но и превентивни мерки за информирање и едукација на граѓаните што точно значи визната либерализација.
Јанкулоска истакна дека се работи за активности кои ги преземаат и кои опфаќаат низа мерки, вклучително и... » Изворна вест...
Прослава за денот на армиските „леопарди“
ПРЕД 20 МИН. - МАКЕДОНИЈА - КУРИР - » ИЗВОРНА ВЕСТ... - КОМЕНТАРИ
Daily
MACEDONIA
2011
МОЈОТ ИЗБОР
WWW.MOJOTIZBOR.MK
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС
IDSCS